# VI тема: Античко наследство во Македонија

## VI 1.4. Археолошко наоѓалиште Хераклеја Линкестидска (Heraclea Lyncestis)

Изготвил: Ненад Начковски

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 1. Местоположба и историски развој на Хераклеја Линкестидска



- Археолошкото наоѓалиште Хераклеја Линкестидска се наоѓа на јужната периферија на градот Битола, во негова непосредна близина, под планината Баба сместен во плодна долина.
- Хераклеја е подигната како воен логор во средината на IV век пр. н.е. од страна на Филип Втори Македонски.
- Низ неа минувала важната сообраќајница Вија Егнатија.
- Епитетот „Линкестидска“ произлегува од античката област Линкестида на кој му припаѓал градот, а називот се поврзува со старомакедонското племе Линкести. Името „Хераклеја“ се поврзува со името на митскиот херој Херакле, родоначалникот на старомакедонската кралска династија Аргеади.

**ЗНАЕШ ЛИ ДЕКА...?**

**Во римско време, кога Хераклеја била освоена од Римјаните, добила статус на римска колонија. Тогаш таа се развила во значаен економско-трговски центар, со римски наместник и сопствена војска. Започнал процутот на градскиот живот според римскиот стил на живеење.**



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 2. Причини за замирање на животот во градот

- Во 473 година н.е., при продорот кон југ, Готите предводени од Теодимер ја освоиле Хераклеја.
- Малку подоцна (479 година), истите Готи, овојпат предводени од Теодорих, синот на веќе починатиот Теодимер, повторно стигнале до Хераклеја.
- Жителите на градот се засолниле во некое прибежиште (лат. refugium) во регионот, додека епископот преговарал со Теодорих.
- Готскиот водач барал храна за своите луѓе, а кога не добил ништо го запалил градот.
- Во текот на VI век градот повторно бил нападнат од варварите, меѓу кои Аварите и Словените и при крајот на VI век животот во Хераклеја дефинитивно замира.



**ЗНАЕШ ЛИ ДЕКА...?**

**Во ранохристијанскиот период (IV-VI век н.е.) Хераклеја била епископско седиште. Епископот Евагриј се споменува во актите на соборот одржан во Сердика во 343 година н.е., епископот Квинтилиј на соборот во Ефес во 449 год., а епископот Бенигнус на соборот во Цариград во 553 год.**



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND



# 3. Археолошки остатоци

Градби откриени во археолошкото наоѓалиште:

- Театар
- Портик на судница
- Статуата на Тит Флавиј Орест
- Градска бања
- Мала базилика
- Голема базилика (епископска)
- Епископска резиденција





**ЗНАЕШ ЛИ ДЕКА...?**

**Во Хераклеја се запазени богато декорирани мозаични подови со разни геометриски, флорални (цветни) и зооморфни (животински) мотиви изработени во две техники: opus sectile и opus tesselatum.**



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Мозаични подови







Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски

# Училишна задача: Истражувај за Хераклеја!



1. Во Мајкрософт Пауерпоинт направи кратко истражување за Хераклеја Линкестидска.
2. Вметни фотографии во слајдовите.
3. Презентирај го за време на час и прикачи го во твојата папка на Мајкрософт Тимс.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND